**20230430846**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 февруари 2023 година донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22, 81/22 и 206/22), членот 3 се менува и гласи:

**„Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија**

(1) Техничката поддршка за промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија е наменета за:

- организирање на локални манифестации и саеми од областа на земјоделството и руралниот развој, на територијата на Република Северна Македонија и
- организирање на манифестации (саеми, научно-стручни собири и изложби) од областа на земјоделството и руралниот развој од регионално и меѓународно значење, на територијата на Република Северна Македонија кои се утврдени со програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

(2) Прифатливите трошоци за поддршката од ставот (1) на овој член се за:

- закуп на простор;
- изнајмување на штандови и/или бина;
- изнајмување на опрема (аудио и видео опрема, озвучување и осветлување, маси, столици, шатори/пагоди);
- огласување во печатени и електронски медиуми (закуп на медиумски простор) и
- набавка на промотивен материјал (покани, постери, летоци/флаери, банери, брошури, публикации, каталог, зборник, видео или аудио реклама).

(3) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член изнесува 100% од прифатливите трошоци согласно ставот (2) на овој член, а остатокот од потребните средства кои го надминуваат максималниот износ на поддршката по корисник од ставот (4) на овој член се на товар на барателот.

(4) Максималниот износ на поддршката од ставот (1) на овој член по корисник, согласно средствата обезбедени во програмата за финансиска поддршка на руралниот развој изнесува:

- 120.000 денари за поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член и
- 1.200.000 денари за поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член.

(5) Корисници на техничката поддршка и субјекти кои може да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката помош од ставот (1) на овој член се здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, јавни научни установи и истражувачи, согласно Законот за научно-истражувачката дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите, согласно Законот за високото образование(*), Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука и Законот за образование на возрасните, единици на локалната самоуправа, стопанските комори, основани согласно закон, задруги регистрирани согласно Законот за задругите или земјоделски задруги регистрирани согласно Законот за земјоделски задруги.“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија

(1) Техничката поддршка за учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија за меѓународна промоција на македонското земјоделство и храна е наменета за:

- меѓународни саеми за промоција на земјоделско-прехранбени производи вон Република Северна Македонија, утврдени со програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и
- други промотивни настани за промоција на земјоделско-прехранбени производи вон Република Северна Македонија, утврдени со програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.

(2) Прифатливите трошоци за поддршката од ставот (1) на овој член се за:

- закуп на промотивен простор за изложување на земјоделско-прехранбени производи;
- изнајмување на сали;
- изградба на штандови и бини, уредување и опремување на изложбениот простор (аудио, видео опрема, маси, столици, витрини, чаши и други останати реквизити поврзани со промоцијата);
- ангажман на стручни лица (сомелиери) за промоција земјоделско-прехранбени производи;
- комунални услуги, комунални такси, банкарски провизии, влезници, интернет и
- набавка на промотивен материјал (покани, постери, летоци, банери, брошури, публикации, каталог, зборник, видео или аудио реклама, како и закуп на медиумски простор за промоција).

(3) Висината на поддршката од ставот (1) на овој член изнесува 100% од прифатливите трошоци согласно ставот (2) на овој член, а остатокот од потребните средства кои го надминуваат максималниот износ на поддршката по корисник од ставот (4) на овој член се на товар на барателот.

(4) Максималниот износ на поддршката од ставот (1) на овој член по корисник, согласно средствата обезбедени во програмата за финансиска поддршка на руралниот развој изнесува:

- 5.000.000 денари за поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член и
- 1.500.000 денари за поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член.

(5) Субјекти кои може да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката поддршка од ставот (1) алинеја 1 на овој член се социјалните и економските партнери, запишани во евиденцијата во Министерството.

(6) Корисници на техничката поддршка и субјекти кои може да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката поддршка од став (1) алинеја 2 на овој член се економските партнери, запишани во евиденцијата во Министерството.".

Член 3

Во членот 5 став (1) во алинејата 10 зборовите „(вински инфлуенсери)" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Максималниот износ на техничката поддршка од ставот (1) алинеја 1 на овој член се утврдува врз основа на процентуалното учество на корисникот во вкупната количина на извезените преработени земјоделски производи (флаширано вино во стаклена амбалажа, зеленчук во финално пакување, односно ориз во пакување) со потекло од Република Северна Македонија, реализирана од корисниците во тековната година и тоа:

- за амбалажа на извезено флаширано вино, која се состои од стаклена флаша, тапа од плута со ПВЦ или PXL/алуминиумска капсула и/или навоен затворач, предна и задна етикета, но не повеќе од 6 денари по извезена флаша вино со потекло од Република Северна Македонија,
- за амбалажа на извезен преработен зеленчук со потекло од Република Северна Македонија која се состои од стаклена тегла, капак за тегла, предна и задна етикета, но не повеќе од 2 денари по килограм извезен преработен зеленчук и
- за амбалажа на извезен ориз во пакување со потекло од Република Северна Македонија во износ од најмногу 2,5 денари по пакување во најлонска амбалажа до 500 грама, 5 денари по пакување во најлонска амбалажа до 1 килограм и 10 денари по пакување во хартиена амбалажа до 1 килограм.".

Член 4

Во членот 10 во ставот (7) зборовите „9 и 10" се заменуваат со зборовите „9, 10 и 13".

Ставот (9) се брише.

Член 5

Во членот 11 во ставот (1) по зборовите „член 3 став (1)" се додаваат зборовите „алинеја 1".

Во ставот (4) зборовите „саемот помеѓу Министерството и организаторот на саемот" се заменуваат со зборовите „манифестацијата/саемот помеѓу Министерството и организаторот на манифестацијата/саемот ".

Во ставот (5) зборовите „доставено барање" се заменуваат со зборовите „доставен предлог за користење на техничката поддршка".

Во ставот (11) зборот „десет" се заменува со бројот „30", а по зборот „Министерството" се додаваат зборовите „кој треба да содржи пропратно писмо со листа на документи кои се доставуваат, наративен опис на реализираната активност, реализирани финансиски средства со докази (фактура или договор помеѓу организаторот и изнајмувач на опрема со спецификација, испратница, работен налог, извод од банка) и доказ дека се одржала манифестацијата/саемот (фотографии)".

Член 6

Во членот 12 во ставот (1) по зборовите „член 3“ се додаваат зборовите „став (5)“, а по зборовите „член 4“ се додаваат зборовите „став (6)“.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1987/4
21 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.